Врз основа на член 24 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 15 став 1 точка 5, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово, на петтата редовна седницата одржана на 26.12.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активности на Општина Валандово во обласа на културата во 2026 година**

## 1. Вовед

Со Програмата за активностите од областа на културата за 2026 година, се предвидува поддржување на манифестации од областа на културата кои претставуваат традиционални вредности и белег на Општина Валандово, како и поддршка на проекти од областа на културата на институции, здруженија на граѓани, организации и поединци од подрачјето на Општина Валандово.

## 2. Цели

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Валандово кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Валандово;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Валандово;
- Создавање услови за квалитетно културно жиеење во општината;
- Промовирање и поддржување на нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Валандово како културен центар;
- Презентирање и афирмирање на творци, интерпретатори и институции од областа на културата во земјава и странство;
- Интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка.

## 3. Активности

Активностите на Општина Валандово во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа програма.

Во таа смисла ќе се спроведуваат активности за:

- Одржување на континуитетот на традиционалните културно - уметнички манифестации со потврдени квалитети и интерес на граѓаните;

- Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат културниот живот на општината;

- Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички и забавно-едукативни содржини;

- Претставување на општината во Република С. Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;

- Поддржување на откривањето и презентирањето на нови сознанија за материјалното и духовното наследство за Општина Валандово;

- Одвивање на културно-уметнички и забавни приредби на подрачјето на Општина Валандово;

- Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во Општина Валандово;

- Унапредување на меѓународната - културна комуникација врз реципрочна основа со други градови од земјата и странство

- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

| **Ред.бр.** | **Назив на активност** |
|---|---|
| 1. | Фестивал на новосоздадена народна песна Фолк Фест – Валандово |
| 2. | Меѓународен фестивал на Пролетни веселви Хит Бах Шен Фест - Чалакли |
| 3. | Меѓународна ликовна колонија |
| 4. | Валандовска ракијада |
| 5. | Годишен концерт на КУД Гоце Делчев |
| 6. | Годишен концерт на Распеани Валандовчани |
| 7. | Петровденски средби |
| 8. | КУД Младост |
| 9. | КУД Бахар |
| 10. | 6-ти Ноември – ден на ослободување на Валандово се одбележува со Програма од неколку денови со повеќе културно уметнички и спортски активности кои се одвиваат на повеќе локации низ Валандово. |
| 11. | Предновогодишни културни манифестации |
| 12. | Традиционална „Божиќна ноќ“ |
| 13. | Ден на лозарите Св. Трифун – организирање на традиционално зарежување на лозја и културни уметнички активности. |
| 14. | Валандер Валандово – Фестивал на калинка Валандово |
| 15. | Обележување на патрон празник во населените места со културни активности |
| 16. | Поддршка на други настани |

**4. Финасирање**

Активностите на Општина Валандово од областа на културата, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Валандово за 2026 година, средства од Буџетот на Република С. Македонија, спонзорства и донации. При реализацијата на оваа програма, Општина Валандово ќе ги поддржува организаторите

на манифестации и реализаторите на проекти при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

- Буџетот на Република С. Македонија за 2026 година (преку надлежните министерства);
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство; и
- Други извори.

**4.1. Капитални инвестиции**

Општина Валандово во 2026 година планира инвестиции за енергетска ефикасност во областа на кулурата во рамки на кои се планира реконструкција и спроведување на мерки за енергетска ефикасност за ЈОУ Дом на Култура „25-ти Мај“ Валандово. Средствата ќе се обезбедат од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП).

Во 2026 година ќе се изработи техничка документација за реконструкција на културен дом во село Јосифово и техничка документација за мултифункционална сала во село Чалакли.

**5. Завршни одредби**

Градоначалникот на Општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово”.

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова